# Математика која може да сонува

## Кон изложбите на тројца млади македонски ликовни уметници: Верица Наумовска, Далибор Тренчевски и Филип Фидановски

СОЊА АБАЏИЕВА

Ако се запрашаме зошто не престанавме со децении да се вљубуваме во ненадминатиот гениј на Чарло Чаплин, одговорот би можеле да го најдеме во петте насоки за кои Итало Калвино смета дека ќе бидат пренесени од 20 во следниот век: брзината, прецизноста, едноставноста, видливоста и многустраноста. На тие пунктови опстојува нашето внимание кога се во прашање и најголемите имиња на минатиот век, од Дишан до Ворхол.

Следејќи ја македонската ликовна сцена во последниве неколку месеци, издвоив три имиња во чиј потенцијал го насетив она што е врзивна линија со стојалиштето на Калвино, се разбира, кај сите од нив, со различни обем и квалитет. Заедничките елементи на нивната блискост се содржани, пред се во “полифонискиот” принцип (Бахтин), во мрежата на проникнувањата на различни корпуси на знаења. Понатаму, тие се обединуваат на ниво на брзиот ритам во мислата и изразот, на виталноста на креативната сила, агресивноста на намерата, моќта на имагинацијата да ја визуализираат кај гледачот и страната што не е видлива, на едноставноста на пораката засолнета под површината на видливото.

Напорите за одржување на балансот меѓу статичниот систем и раздвижениот неред, меѓу “редот на вревата” (Жан Пијаже) и „self organizing system” (Ноам Чомски), ги врзуваат овие млади творци во зоната на една “математика која не може да сонува” без емотивното. Кристалот и пламенот, во различни дози кај секој од нив, циркулираат низ нивните енергични ликовни дела, за да ги стават во прегратка духот и душата.

Проектот „Монолит“ на Далибор Тренчевски (1982) (во соработка со музичката група „White noise in a white room), во Музејот на град Скопје, предизвика 45 минутно внимание и интересирање кај публиката, скаменета од акустичната и визуелната агресија, што ретко се случува на толку долг хепенинг. Рационалната прецизност на бројките кои потоа пламнуваат во “икона” (Христос ?) проецирани на видео бим (со не сосема соодветна брзина на ритмот), проследена со музички (звучни) еквиваленти на ликовното писмо, беше местимично во дисхармонија со непредвидливата, разлеана експлозија на звукот.

Во „Монолит“ мољата на звучните, нумеричките/ сликовните форми во просторот и во публиката (до болка во очите и ушите), посведочи за брзината на имагинацијата, итроста и подвижноста на настанот, до екстензија на дадените просторни координати и екстаза на сетилата. Во проникнувањето на различните јазични кодови, дигресијата на посебните светлосни ефекти, непотребно го повреди дијалогот меѓу музиката/звуците/шумовите и видео сликата, но не ја наруши целината на оваа возбудлива градба на една моќна апологија на брзината и ритмот. “Брзото размислување секогаш не е подобро од добро промисленото; напротив; но пренесува нешто особено што се наоѓа токму во неговата подвижност”, (Итало Калвино).



„Знаци“ - Филип Фидановски

Тренчевски се појавува на сцената како еден од највпечатливите ученици на професорот Благоја Маневски.

Бесконечниот ритам на Верица Наумова (1982), ни ја враќа радоста кон колоритноста и играта, веќе запаметена од веселиот “град” на мултиколорни теглички, прикажан на Седмото биенале на млади уметници во Скопје (2005).

Чудесната урбаност на нејзината инсталација во Младинскиот културен центар е изградена со свежи изливи на бои врз геометриски тела, “расфрлани” во галеријата. Комбинаторичката структура на сликаните модули овозможува наизменично или симултано следење на хировите меѓу променливото / раздвиженото (бојата) и стабилното (геометријата). Хедонизмот што зрачи од оваа инсталација н поттикнува внимателно да ја следиме нарацијата на изобилните детали на сликаните сегменти кои никогаш не се повторуваат во истото, а ги припитомуваат острите рабови на геметрискиот ред. Богатата имагинација на Наумова зборува за “светот или заливот кој никогаш не може да се засити со форми и слики”. Умножувањето и акумулацијата на бои и форми создава центар без периферија и обратно, простор што сака да избега, да се шири, бидејќи функционира согласно визуелниот закон на центрифугалната енергија.

Сметам дека Наумова треба да насочи повнимателен поглед врз играта со интензивните и сочно насликаните објекти. Оваа игра не е лесна, но бездруго наложува постојано истражување за да се најде златниот центар на инсталацијата.

Кон двата пунктови – рационалното и емотивното - околу кои се обединуваат Тренчевски и Николова, се приклучува и младиот Филип Фидановски (1977). На изложбата „Знаци“ во Музејот на современата уметност, тој се претстави со керамички плочки, работени во италијанска фабрика за плочки во Монтана, за време на интернационалниот воркшоп. Возбудливо дизајнираните плочки за бања се ставени во нивниот контекст, (заедно со санитариите).

„Зошто да ја нема уметноста во бањата?”, се прашува самиот автор. Некласичното презентирање на нешто што не е само за гледање е редок пример на узурпација на клишеата и неповинување на емпиријата. Има ли разлика меѓу поимот инсталација со досегашен копирајт само за ликовњаците и оваа на Фидановски, кој е првиот што го руши ова анахронично сфаќање на применетата уметност?

Станува јасно дека веќе е неиздржливо здодевно да се делат креативните достигнувања на техники, дисциплини, гранки, области..., да се троши време на дистинкции од тој вид. Обединувањето на применетата и ликовната уметност, во дијалошкото време на бришењето границите меѓу нив, во „Знаци“ јасно се манифестира..

Плочките се дизајнирани како мали ликовни вежби спонтани и енергични, во духот на апстрактниот експресионизам, ташизмот, симболизмот на кругот и квадратот, со сите можни асоцијативни придружби и напливи на слободна интерпретација.

Визуелната тензијата е главно сосредоточена на две јаки бои: црната и црвената (со фрагментарна употреба на сепија или сива). Естетиката на керамиката е драстично изменета во полза на игрива, ненаменска форма на плочките во бањата, што го разбива стереотипот на цвеќиња и арабески. Капките боја се третирани како капките вода распрснати природно и спонтано, како што се случува во обичниот ситуации во бањата. Фидановски успеал да ни долови чувство на пријатност и удобност, препуштање на задоволството на формите и боите во едно од најинтимните гнезда во домот. Посакувам оваа интелигентна обмисла на нешто банално и секојдневно, да се пресели на индустриските ленти, за што поголем број на корисници да ужива во естетска исполнетост, каде и да се.